# Образложение за консолидираните резултати
# за период 01.01. - 31.03.2021

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во период за известување нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на Групата Современ дом АД Прилеп.

**Вкупни приходи**

Групата Современ дом АД Прилеп во периодот од 01.01 до 31.03.2021 година оствари вкупни приходи од 27.803 илјади денари кои се помали за околу 10 % во однос на истиот период во 2020 година. Во овој период остварен е позитивен финансиски резултат во износ од 5.150 илјади денари и споредбено со истиот период од минатата година е намален за 38 %.

**Вкупни расходи**

Вкупните расходи изнесуваат 22.653 илјади денари и истите се помали за околу 1 % во однос на истиот период во 2020 година.

**Исплатени дивиденди**

За распределба на остварената добивка за 2020 година ќе се одлучува согласно предложените одлуки на претстојното Годишно собрание на акционери закажано за 28.05.2021 година.

**Исполнувања на планот и очекувања за претстојниот период**

Групата Современ дом АД Прилеп и во 2021 година планира да го задржи трендот на остварување на позитивен финансиски резултат со целосна определба на зголемување на обемот на работата.

Светската пандемија со Ковид-19 има силни економски последици врз глобалната економија, а следствено на тоа и врз македонската економија. Недвижниот имот што Групата Современ дом АД Прилеп го дава под оперативен наем го користат компании погодени од економската криза и се очекува намалување на приходите и потешкотии во наплатата на побарувањата во вториот квартал од оваа година. Сепак, поради преземените мерки од страна на менаџментот, ликвидноста на компанијата не е загрозена.